Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023

# Извадок на дел од дневни настани 26.02.2023

На 26.02.2023 во 01.20 часот на Граничниот премин Деве Баир при извршена пасошка контрола на А.Б.(28) од Косово, кој бил со патничко моторно возило "бмв" со косовски национални ознаки, констатирано било дека возачката дозвола била фалсификувана. Поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело по чл.378 од КЗ на РСМ тој бил лишен од слобода и предаден на полициски службеници од Полициската станица Крива Паланка за понатамошна постапка.

На 25.02.2023 во 21.05 часот во СВР Скопје било пријавено дека во населбата Илинден на железничка станица-складиште има почината малолетничка. По извршениот увид од страна на полициски службеници и јавен обвинител утврдено е дека малолетничка која таму била уште со двајца малолетници, се качила на кровот на цистерната која се наоѓала на железничката пруга, при што настанал струен удар. На местото на настанот починала малолетничката, а смрт била констатирана од страна на лекар од Итната медицинска помош. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје, а по наредба на Јавен обвинител телото на починатата малолетничка било предадено во Институтот за судска медицина за обдукција.

Во текот на изминатата вечер (25/26.02.2023)во периодот од 22.00 до 04.00 часот на територија на СВР Битола спроведена е засилена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило под дејство на алкохол. При контролата санкционирани се 19 возачи.Од нив 14 на територија на Битола, 4 во Прилеп и 1 Крушево. За време на контролата биле санкционирани и 26 други видови прекршоци.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (25.02.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 212 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 107 санкции, шест мерки за возење без возачка дозвола, 17 санкции за возење под дејство на алкохол.Изречени се четири мерки за користење мобилен телефон при возење, пет санкции за минување на затворен сигнал (црвено светло), четири мерки за технички неисправни и нерегистрирани возила,\...

На 25.02.2023 во 13.00 часот К.А.(85) од Прилеп пријавил дека на 23.02.2023 околу 15.00 часот во Прилеп на ул."Борка Талески" патничко моторно возило удрило во него, по што го напуштило местото на настанот. Во несреќата пријавителот се здобил со тешки телесни повреди констатирани во Градската болница во Прилеп. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Прилеп и се превземаат мерки за расчистување на случајот.

Во текот на изминатата вечер (25/26.02.2023) во периодот од 22.00 до 04.00 часот спроведена е акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила под дејство на алкохол на територијата на Република Северна Македонија, при што санкционирани се 185 возачи. Од нив 38 на територија на СВР Скопје, 35 на територија на СВР Куманово, 20 на територија на СВР Тетово...За време на контролата биле санкционирани и 178 други видови на прекршоци.

На 25.02.2023 во 22.17 часот од Итна медицинска помош во СВР Скопје било пријавено дека во угостителски објект на ул."Радишанска" имало починато женско лице. Од страна на полициски службеници излезено било на местото на настанот и констатирано било дека се работи за С.Д.(52) од Скопје. Од страна на лекар од Итна медицинска помош констатирана била смрт без траги на насилство. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје, а по наредба на Јавен обвинител телото на починатата било предадено во Институтот за судска медицина за обдукција.

На 25.02.2023 година пријавено е дека во 11,45 часот, на полувреме од ракометен натпревар одржан во спортската сала „Христо Узунов" во Кичево, Ј.Ш.(56) од Кичево, го нарушил јавниот ред и мир и од трибините влегол во спортскиот терен по што, физички го нападнал делегатот на натпреварот, С.Р.(36) од Охрид. Натпреварот е прекинат и по целосно документирање на настанот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 25.02.2023 во 13.00 часот М.С.(40) од Скопје, пријавил дека околу 12.00 часот во Градската општа болница "Св.Наум Охридски" додека извршувал работни задачи како редар бил физички нападнат од едно лице. Се превземаат мерки за расчистување на случајот.

На 25.02.2023 во 14.00 часот било пријавено дека на подрачјето на Центар по претходно недоразбирање околу сообраќај бил нарушен јавниот ред и мир со меѓусебна пресметка помеѓу А.В.(33) и Х.С.(33) двајцата од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 25.02.2023 во 13.20 часот М.Р.(24) од Скопје, пријавил дека на подрачјето на Кисела Вода бил физички нападнат од Љ.В.(43) од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 25.02.2023 во 10.20 часот било пријавено дека на балконот, од надворешната страна на зградата на ЈОРСМ во Скопје било пронајдено залутано зрно од оружје. Се работи на расчистување на случајот.

На 26.02.2023 во 02.30 часот М.М.(44) од Скопје пријавил дека околу 00.30 часот на подрачјето на Центар пред угостителски објект бил физички нападнат од две лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 25.02.2023 во 23.04 часот било пријавено дека во спортска обложувалница на подрачјето на Аеродром едно лице со закана се обидело да одземе пари од вработената, но не успеало. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 26.02.2023 во 00.30 часот З.Н.(51) од Скопје пријавил дека на 25.02.2023 околу 22.00 часот во Градскиот парк во Скопје неговите двајца синови биле физички нападнати од три лица. Се превземаат мерки за расчистување на случајот.

На 26.02.2023 година во 01.45 часот, во СВР Охрид лишен од слобода е А.Д.(31) од Охрид. Тој, претходно на булеварот „Туристичка" во Охрид, физички го нападнал Е.М.(20) од Охрид и со остар предмет, кој е пронајден и одземен, му упатил закани а потоа му одзел пари. Против него ќе биде поднесена соодветна пријава.На 25/26.02.2023 година од 22 до 04 часот, на подрачјето на СВР Охрид, реализирани се засилени сообраќајни контроли. Притоа, полициските службеници затекнале 19 возачи кои, управувале моторни возила под дејство на алкохол (Охрид-10, Струга-01, Кичево-07, Дебар-01). Тие, веднаш се исклучени од сообраќај, одземени им се возачките документи и поднесени им се соодветни платни налози.

На 25.02.2023 во 20.32 часот С.Н.(26) од Тетово пријавил дека во угостителски објект на ул."133" во Тетово по претходни недоразбирања бил физички нападнат од Д.В и уште неколку други лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 26.02.2023 во 00.35 часот С.Б.(41) од Куманово пријавил дека на 25.02.2023 околу 23.40 часот во Куманово неговиот малолетен син бил физички нападнат од С.Ј.(34) од Куманово. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 25.02.2023 во 13.25 часот било пријавено дека во с.Норово-крушевско по претходна расправија бил нарушен јавниот ред со меѓусебна пресметка меѓу Ф.Ј.(31) и А.Р. двајцата од истото село. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 25.02.2023 во 12.30 часот 26 годишна скопјанка пријавила дека на 24.02.2023 околу 20.50 часот на подрачјето на Бит Пазар едно лице се обидело да изврши обљуба, но не успеало. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 25.02.2023 во 22.00 часот З.Ч.(39) од Гевгелија пријавил дека во Гевгелија неговиот син бил физички нападнат од неколку лица. Се превземаат мерки за расчистување на случајот.

На 25.02.2023 во 10.10 часот Б.Ѓ.(29) од Гевгелија пријавил дека околу 02.00 часот во казино на подрачјето на Гевгелија бил физички нападнат од Д.М. од Гевгелија. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 25.02.2023 во 14.50 часот М.А.(43) од Росоман пријавила дека околу 13.30 часот во Росоман по претходна вербална расправија била физички нападната од С.А. и Т.А. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

Во текот на изминатата вечер (25/26.02.2023) во периодот од 23.00 до 04.00 часот полициски службеници од СВР Скопје заедно со Управата за јавни приходи, Трудовата инспекција и Државниот пазарен инспекторат, спроведоа акциска контрола во угостителски објекти на територијата на СВР Скопје. При контролата приведен е Д.К. кој се барал по три потерници. Затекнати се пет малолетни лица, а во еден од објектите бил пронајден кокаин. Констатирано е кривично дело по член 204 од Кривичниот законик поради точење алкохол на малолетни лица, како и присуство на малолетници во угостителски објекти по 00.00 часот. Констатирани се и прекршоци во однос на неиздавање на фискални сметки и прекршување на законот за пушење.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет